Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

--------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија

Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост"-Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 14.11.2024 година.

Бр.08-1428/20
19.11.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 117 став (1) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14.....198/18год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 год.), и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.11.2024 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост"-Гевгелија**

1.Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост" Гевгелија, донесен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-186/4 од 04.11.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1423/1
14.11.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија"" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за усвојување на Интегриран локален развоен план на општина Гевгелија 2024-2027**

Се објавува Одлуката за усвојување на Интегриран локален развоен план на општина Гевгелија 2024-2027, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 14.11.2024 година.

Бр.08-1428/21
19.11.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02 и 202/24 год.) и член 38 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.11.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за усвојување на Интегриран локален развоен план**
**на општина Гевгелија 2024-2027**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Интегриран локален развоен план на општина Гевгелија 2024-2027.

**Член 2**

Иницијатор за изработка на Интегриран локален развоен план на општина гевгелија 2024-2027 година е УНДП, во рамки на проектот **„Зајакнување на капацитетите на општинските совети Фаза 2“** со цел изработка на Интегриран документ кој е основа за аплицирање на проекти, претставува и компилација од повеќе планови, во повеќе области за кои граѓаните сметаат дека се од интерес за еден сеопфатен развој, како и план по кој општината го насочува својот развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила од денот на нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1424/1
14.11.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација - Основен проект за изведба на втора фаза од канал Рауљ со мост**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација -

Основен проект за изведба на втора фаза од канал Рауљ со мост, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 14.11.2024 година.

Бр.08-1428/22
19.11.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.11.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

## за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација - Основен проект за изведба на втора фаза од канал Рауљ со мост

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Гевгелија во својство на примател на донацијата ја прифаќа донацијата од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација - Основен проект за изведба на втора фаза од канал Рауљ со мост, за следните позиции:

1.Изведба на градежни работи за времено решение-времен канал во вредност од **3.700.000,00 денари со вклучен ДДВ;**

2.Основен проект за изведба на времен канал и Основен проект за втора фаза од канал Рауљ со мост во вредност од **833.700,00 ден. плус ДДВ.**

### Член 2

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Се задолжува одделението за правни работи во Општина Гевгелија да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1425/1 Претседател
14.11.2024 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матхс.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување на ЈПКД “Комуналец“ – Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување на ЈПКД “Комуналец“ – Гевгелија за 2024 година , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 14.11.2024 година.

Бр.08-1428/21
19.11.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18,198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.11.2024година, донесе

# РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување на ЈПКД “Комуналец“ – Гевгелија за 2024 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Измените на Годишниот план за вработување на Јавното претпријатие за комунални дејности “Комуналец“ – Гевгелија за 2024 година, предложен од директорот на јавното претпријатие под бр.01-1510/1 од 11.11.2024година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1426/1
14.11.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------------------------**

Врз основа на член 48 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл.гласник на Општина Гевгелија бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21) и Одлуката на Советот на Општина Гевгелија бр. 09-1341/1 („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.19/24) за доделување 5 (пет) стипендии на студенти од општина Гевгелија запишани на Медицинските факултети-насока општа медицина на РСМ за академска 2024/25 година, Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 14.11.2024 година донесе

## ПРАВИЛНИК
## за доделување 5 (пет) стипендии на студенти запишани на Медицинските факултети-отсек општа медицина на РСМ за академска 2024/2025 година

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување стипендии на студенти од општина Гевгелија за академска 2024/2025 година.

Стипендиите се доделуваат на студенти на Медицинските факултети-насока општа медицина во Република Северна Македонија кои запишуваат прв семестар во академска 2024/2025 година, се до завршување на последниот семестар, доколку се редовни студенти и се жители на општина Гевгелија.

**Член 2**

Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.10.2024 година донесе Одлука за доделување 5 (пет) стипендии за студенти на Медицинските факултети-насока општа медицина во Република Северна Македонија, за академска 2024/2025 година.

Стипендиите се доделуваат секоја академска година се до завршувањето на последниот семестар од студиите за период од 10 месеци секоја година. Висината на стипендиите за секој редовен студент ќе изнесува 6.000,00 денари месечно, односно 60.000,00 денари за 10 месеци за секоја академска година, почнувајќи од академската 2024/2025 година, и истите ќе се исплаќаат од Буџетот на Општина Гевгелија.

Стипендиите се доделуваат на редовни студенти запишани на прв циклус студии на Медицинските факултети-насока општа медицина во РСМ, согласно условите и критериумите утврдени во Конкурсот за доделување на стипендии.

Износот на исплатените стипендии е неповратен, освен во случај кога студентот ќе го прекине студирањето по своја вина, редовно не ги запишува семестрите или лично бара да му се прекине Договорот за стипендирање, при што ќе ги врати доделените средства до моментот на прекин на студирањето.

Давателот на стипендија нема да го раскине договорот за исплата на стипендија и нема да дава стипендија, а корисникот на стипендијата нема обврска да ги враќа претходно добиените средства во случај ако корисникот на стипендијата поради здравствени причини и потреба од лекување не запишал следен семестар или го прекине студирањето и приложи соодветна медицинска документација, која ќе ја разгледува Комисијата формирана од градоначалникот, за прекин на студирањето на студентот и прекин на исплата на стипендии поради здравствени причини.

**Член 3**

Право на стипендирање имаат студентите кои што ги исполнуваат следниве услови:

1. Да се жители на општина Гевгелија (град Гевгелија и населените места, коишто припаѓаат на општина Гевгелија);
2. Да се државјани на Република Северна Македонија;
3. Да се редовни студенти на прв циклус студии на Медицинските факултети-отсек општа медицина на РСМ.
4. Да не се корисници на други стипендии од други институции, установи и компании.

**Член 4**

Основни критериуми за доделување на стипендиите се**:**

1. **Остварен успех во средното образование;**
   - По овој основ може да се добијат најмногу 10 бода.

2. **Доставени сертификати и дипломи од натпревари на државно ниво, посебно од областа на природните науки;**
   - По овој основ може да се добијат најмногу 20 бода.

3. **Материјални можности на студентот и неговото семејство** за кој се земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РСМ за последните 3 (три) месеци;
   - По овој основ може да се добијат најмногу 60 бода.

При распределување на утврдените 60 бода, по основ материјални можности на студентот и неговото семејство, се земаат во просек материјалните можности на студентот и неговото семејство, односно вкупниот број на месечните примања (месечните нето-плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управа за јавни приходи), во семејството на студентот, поделени по член од семејството, поделени на 12 месеци, при што кандидатот може да добие најмногу 60 бода и тоа:

- За приходи од 0 до 11.500 денари по член на семејство .............. 60 бода;
- За приходи од 11.501 до 13.000 денари по член на семејство ........ 50 бода;
- За приходи од 13.001 до 15.000 денари по член на семејство ..........40 бода;
- За приходи од 15.001 до 17.000 денари по член на семејство ..........30 бода;

- За приходи од 17.001 до 19.000 денари по член на семејство ........ 20 бода;
- За приходи над 19.000 денари по член на семејство ..................... 10 бода;

4. **Студент на самохран (починат/разведен) родител, родител со инвалидитет, студенти со посебни потреби;**

- По овој основ може да се добијат 10 бода.

Максималниот број на бодови кои може да ги добие студентот согласно утврдените критериуми од овој член, изнесува вкупно 100 бода.

За усвоените бодови според утврдените критериуми од овој член комисијата изготвува посебна ранг-листа за оваа категорија на студенти, која ја доставува на градоначалникот на разгледување и одлучување.

При утврдување на ранг-листата според добиените бодови, при ист број на бодови предност има кандидатот со пониски материјални примања.

**Член 5**

Стипендиите ќе се доделат врз основа на претходно распишан Конкурс.

Конкурсот ќе биде распишан од Комисијата за образование, спорт и култура при Советотна Општина Гевгелија.

Конкурсот ќе биде објавен на огласната табла на Општина Гевгелија, на веб-страницата на Општина Гевгелија и на локалните електронски медиуми во општина Гевгелија.

Конкурсот ќе трае 15 (петнаесет) денови, не сметајќи го денот на неговото објавување.

**Член 6**

Заинтересираните кандидати за добивање стипендија треба да ги достават следниве документи до Општина Гевгелија:

1) **Пријава од студентот;**
2) **Потврда од високо-образовната институција за редовно запишана студиска година;**
3) Свидетелства од завршени 4 години средно образование и (копии);
4) Сертификати и дипломи од натпревари на државно ниво, посебно од областа на природните науки (копии);
5) **Документи за утврдување на материјално-финансиската состојба** на апликантот:

- За вработените членови на семејството да се достават потврди за остварена плата за последните три месеци, сметано до денот на поднесувањето на пријавата, или доколку до овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последно исплатената плата за оваа година (за родителите/старателите да се достави плата заверена од работодавецот);
- за пензионираните членови на семејството да се достави документ (чек) за висината на последно исплатената пензија;
- за разведените родители да се достави доказ за разводот, односно ако апликантот користи алиментација од родителот, истата, да се прикаже како месечен приход;
- за корисниците на социјалната помош да се достави последното решение за корисник на гарантиран минимален приход;
- за невработените членови на семејството на апликантот да се доставаат потврди од Агенцијата за вработување на РСМ, дека се невработени или примаат месечен надоместок;

- за родител/старател кој според Уверението од Управата за јавни приходи нема остварени приходи да се достави Изјава заверена на нотар дека родителот старателот не остварува приходи од странство или соодветен документ за остварени приходи од странство за последните 3 месеци;
- за инвалидитет да се достави наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби, издаден од надлежна установа, а согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;
- за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или друга институција;
- за родителите/старателите, кандидатот и другите членови на неговото потесно семејство се доставува Уверение од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи од претходната година: приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал....

6) **Потврда од Општина Гевгелија** за платени даноци заклучно со 2023 година за родител/старател;
7) **Нотарски заверена изјава** од апликантот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба;
8) **Изјава за давање согласност за обработка и користење на личните податоци** апликантот и на членовите на неговото потесно семејство;
9) **Изјава на кандидатот дека не користи стипендии од други** установи, институции или компании.
10) за починат родител се бара да се достави извод од матична книга на умрени од УВМК;
11) **Изјава за семејната состојба на студентот** и
12) **Фотокопија од личната карта на студентот**.

**Член 7**

Пријавите на апликантите со потребната документација треба да се доставаат лично до архивата на Општина Гевгелија, или да се доставаат со препорачана пошта до: Општина Гевгелија: **У**л. „Димитар Влахов“ бр.4, 1480 Гевгелија со назнака: **"За конкурсот за доделување 5 (пет) на стипендии на студенти на Медицинските факултети-отсек општа медицина од општина Гевгелија за академска 2024/2025 година**".

**Член 8**

Доставените пријави согласно распишаниот Конкурс ги разгледува Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија. Комисијата за разгледување на пријавите за доделување на стипендии, некомплетните и неблаговремени пријави не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг-листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

**Член 9**

Градоначалникот на Општина Гевгелија врз основа на доставената ранг-листа од Комисијата за образование, спорт и култура при Советот на општина Гевгелија донесува Одлука за доделување на стипендии на студенти на Медицинските факултети-отсек

општа медицина во Република Северна Македонија, кои запишуваат прв семестар во академска 2024/2025 година и се жители на Општина Гевгелија.

За одлуката на Градоначалникот за доделените стипендии сите кандидати кои имаат поднесено пријава по распишаниот Конкурс ќе бидат писмено известени.

Против Одлуката на Градоначалникот на Општина Гевгелија, кандидатите кои не добиле стипендија може да поднесат приговор до Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија во рок од 5 (пет) работни дена, од денот на приемот на Одлуката. Надлежната комисија ќе го разгледа приговорот на засегнатиот кандидат и ќе донесе Решение со коешто го прифаќа или одбива поднесениот приговор.

Решението на оваа Комисија е конечно.

Одлуката за доделување на стипендии која ја донесува Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе се објави и на веб-страната на Општина Гевгелија.

**Член 10**

Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе склучи посебен Договор со избраниот кандидат за користење стипендија, во кој подетално ќе се уредат начинот и условите на користење на стипендијата.

**Член 11**

Во посебни случаи, овој Договор може да биде раскинат по вина на студентот доколку се утврди дека:

- Студентот дал лажни податоци во нотарски заверената изјава при поднесувањето на пријавата за користење стипендија;
- Доколку со своето недолично поведение ги повредува законските и моралните принципи на образовната и општествената средина;
- Доколку не ја запише во редовен термин наредната академска година (не достави потврда за запишан семестар надоцна до 31 октомври за секоја академска години, до заршување на последен семестар од студирањето);
- Доколку го прекинал студирањето на медицинскиот факултет-отсек медицина по своја вина.

Во случај на раскинување на Договорот, студентот е должен во целост да ги врати исплатените средства во Буџетот на Општина Гевгелија.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**Комисија**
**за образование, култура и спорт**
**на Советот на општина Гевгелија**

Бр.09-1341/3
14.11.2024 година
Гевгелија

---------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
градежништво и заштита на животна средина
бр.11-521/15
19.11 2024 година
Гевгелија

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Гевгелија, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, Одделение за урбанизам, архитектура градежништво и заштита на животната средина, согласно член 84 од Законот за Општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр.124/15 и бр.65/18), ги известува:

- Ѓена Јочиќ од Скопје
- Убавка Мазаловска од Скопје
- Македонка Апостолова од Гевгелија

како и сите непосредни соседи на градежната парцела за која се однесува одобрението и сите заинтересирани странки, дека на ден 01.11.2024 година, со бр.11-521/9 е издадено одобрение за градење на објект - доградба и надградба на индивидуален станбен објект (А1) на КП бр.1457/2, г.п. 1.48 (сочинета од КП бр. 1457/2 и дел од КП бр.1457/1) КО Мрзенци во општина Гевгелија, на инвеститорот Димитар Камберов од Гевгелија.

Согласно член 62-а од Закон за градење („Сл. весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 ,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14 ,42/14, 115/14 ,149/14 , 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 64/18, 168/18 и „Службен весник на РСМ“ 244/19, 18/20 и 279/20, 227/22 и 111/23), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во просториите на Одделение за урбанизам, архитектура градежништво и заштита на животната средина во општина Гевгелија, секој работен ден од 8.00 – 16.00 часот, во рок од 15.дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
**Андон Сарамандов**

Изработил:
Ивана Баламовска Илиева,

Раководител на одделение
Ана Чугунцалиева,

Раководител на сектор:
Ирена Томчева,

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Д0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Љубица Динова од населено место Негорци, Гевгелија, за новородено дете (првородено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Љубица Динова од населено место Негорци, Гевгелија, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (првородено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/62
30.05.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Д0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Марија Сивова од Гевгелија за новородено дете (првородено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Марија Сивова од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (првородено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/64
30.05.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма D0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Петранка Ристовска од населено место Давидово, Гевгелија, за новородено дете (првородено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Петранка Ристовска од населено место Давидово, Гевгелија, согласно Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на социјална заштита, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (првородено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/65
12.07.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма D0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Клаудија Бејкова од Гевгелија за новородено дете (второродено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Клаудија Бејкова од Гевгелија, согласно Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на социјална заштита, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (второродено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/66
12.07.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма D0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Нада Баламова од населено место Негорци, Гевгелија, за новородено дете (првородено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Нада Баламова од населено место Негорци, Гевгелија, согласно Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на социјална заштита, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (првородено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/67
12.07.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма D0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Марија Танева од населено место Богородица, Гевгелија, за новородено дете (второродено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Марија Танева од населено место Богородица, Гевгелија, согласно Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на социјална заштита, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (второродено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/68<br>12.07.2024 година<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на општина Гевгелија<br>**Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма D0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Мими Стојанова од Гевгелија за новородено дете (второродено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Мими Стојанова од Гевгелија, согласно Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на социјална заштита, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (второродено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/69
12.07.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма D0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Ангела Попов од населено место Миравци, Гевгелија, за новородено дете (второродено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ангела Попов од населено место Миравци, Гевгелија, согласно Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на социјална заштита, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (второродено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/70
12.07.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

-----------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма D0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Ѓургица Кованцалиева од Гевгелија, за новородено дете (второродено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ѓургица Кованцалиева од Гевгелија, согласно Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на социјална заштита, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (второродено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/72
12.07.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

-----------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 05/2002), член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/23) и член 9 од Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.02/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма D0 - Градоначалник, во износ од 6.000,00 денари, се доделуваат на Викторија Митрикеска Марковска од Гевгелија, за новородено дете (првородено).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Викторија Митрикеска Марковска од Гевгелија, согласно Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на социјална заштита, поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување еднократна парична помош за новородено дете (првородено), врз основа на доставена документација - извод од матична книга од Управа за водење на матичните книги Подрачно одделение Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се исплатат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во износ од 6.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-42/73
12.07.2024 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов, с.р.**

